РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-2616
12.02. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 122 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 34 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), на седницата одржана **на ден 12.2.2021 година,** го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување на дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата

### Член 1

Со овој Правилник, поблиску се уредува начинот на постапување по поднесени претставки, предлози и иницијативи (во натамошниот текст: претставки) од страна на физичко или правно лице, доставени до Нотарската комора (во натамошниот текст: Комората), во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози, кои имаат карактер на предлог за покренување на дисциплинска постапка против нотар, заменик нотар и нотар кој привремено ја врши службата, во согласност со Законот за нотаријатот.

### Постапување по претставки, предлози и иницијативи

### Член 2

(1) По приемот, претставката се заведува во деловодник кој го води Комората и се формира предмет, кој хронолошки се заведува во Уписникот за водење на претходна дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата.

(2) Предметот од ставот (1) на овој член го задржува деловодниот број и датата од деловникот на Комората и бројот од Уписникот за водење на претходна дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата.

## Одговор по претставка

## Член 3

(1) Претставката од членот 2 став (1) од овој Правилник, Стручната служба на Комората веднаш ја доставува до нотарот, заменик нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата на кој се однесува, кој во рок од осум дена од приемот, до Комората дава писмен одговор на наводите содржани во претставката и писмени докази со кои располага. Доколку претставката е поднесена против заменик-нотар, писмено се известува и нотарот кој го заменува.

(2) Ако писмениот одговор не се достави во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се одлучи врз основа на расположиви докази.

(3) По истекот на рокот за доставување, Стручната служба предметот го доставува до Претседателот на Комората.

## Овластен соработник за проучување на претставка

## Член 4

(1) Претседателот на Комората по негов избор, може да определи лице – овластен соработник за проучување на предметот и давање на мислење, кое врз основа на одлука од Управниот одбор е ангажирано за таа работа. Овластениот соработник се определува од редот на истакнати правници.

(2) Овластениот соработник при проучување на списите на предметот е должен и овластен да ги прибира сите податоци, известувања, писмени докази и мислења за фактите и околностите кои се од значење за давање на писмено известување до Претседателот на комората.

(3) Овластениот соработник определен за проучување и давање на мислење по конкретни претставки, има право на надомест определен со одлука на Управниот одбор.

(4) По проучување на списите на предметот, овластениот соработник, писмено го известува Претседателот на Комората за правната и фактичката состојба по предметот, како надлежен орган за покренување на дисциплинска постапка, по барање на Претседателот, тоа може да го стори и усно.

### Одлучување по претставка

### Член 5

(1) Претседателот на Комората одлучува дали претставката ќе биде отфрлена или ќе биде покрената дисциплинска постапка, во согласност со член 134 став (2) од Законот за нотаријатот.

(2) Доколку претседателот на Комората оцени дека претставката не укажува на постоење на основано сомнение дека нотарот, заменик нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата сторил дисциплинска повреда, претставката се отфрла, за што писмено се известува подносителот и нотарот, заменикот-нотар и нотарот кој привремено ја врши службата.

(3) Доколку Претседателот на Комората оцени дека претставката укажува на постоење основано сомнение дека нотарот, заменик нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата сторил дисциплинска повреда, се изготвува писмен предлог кој содржи факти и докази, од кои се утврдува постоењето на дисциплинска повреда.

(4) Во случај од ставот (1) на овој член, понатамошниот тек на постапката се води согласно со одредбите од Законот за нотаријатот и Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Комората.

### Анонимна претставка

### Член 6

Претседателот на Комората не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврден со закон.

### Повлекување на претставка

### Член 7

(1) Подносителот има право во секое време да ја повлече поднесената претставка, со поднесување на писмен поднесок до Комората, врз основа на што ќе се донесе решение за повлекување на претставката, за што писмено се известува подносителот и нотарот, заменикот-нотар и нотарот кој привремено ја врши службата.

(2) Претставката повлечена по поднесување на предлог за дисциплинска постапка е без влијание на натамошниот тек на постапката.

**Архивирање на предмет**

**Член 8**

По завршување на постапката, предметот се разведува од Уписникот за водење на претходна дисциплинска постапка против нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата, а потоа се архивира.

**Член 9**

Административните и други работи за потреби на водење на претходна дисциплинска постапка против нотарот, заменик-нотарот или нотарот кој привремено ја врши службата, ги врши Стручната служба на Комората.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 10**

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на web страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

(2) Правилникот од став (1) на овој член ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

**Член 11**

Изменувањето и дополнувањето на овој Правилник се врши на ист начин како и при неговото донесување.

**Член 12**

Во недостиг на одредби во овој Правилник, се применуваат одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози.

**Член 13**

Започнатите постапки по Правилникот за постапување по претставки со кои се бара поведување на дисциплинска постапка против нотар со бр. 02-854/16 од 19.5.2012 год., бр. 02-80/34 од 27.1.2018 год. и 02-1053/21 од 20.7.2018 год., кои се уште не се завршени, продолжуваат согласно одредбите од овој Правилник.

**Член 14**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за постапување по претставки со кои се бара поведување на дисциплинска постапка против нотар со бр.02-854/16 од 19.5.2012 год., бр. 02-80/34 од 27.1.2018 год. и 02-1053/21 од 20.7.2018 год.

**УПРАВЕН ОДБОР НА НКРСМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Методија Ристоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ